Република Северна Македонија
**Министерство за внатрешни работи**
Оддел за односи со јавност и стратешки прашања
Сектор за односи со јавност и протокол

рег. бр. 16.1.2-1128/5

Скопје 27.10.2020

До

Предмет: РЕШЕНИЕ за одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

## РЕШЕНИЕ
## за одговор на барање за слободен пристап до бараната информација

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, Ви доставуваме податоци со кои располага Министерството за внатрешни работи, а се однесуваат на периодот јануари-септември 2020 година.

1. **Спречени обиди за илегални преминувања по граници**

Во периодот од 2017 година до јануари-септември 2020 година спречени се вкупно 71.174 обиди за илегално преминување на границите, најмногу во текот на деветте месеци од 2020 година -25.549 обиди, а по граници, најголем дел од обидите се регистрирани на границата со Р.Грција-62.542.

| | Јануари-септември 2020 | 2019 | 2018 | 2017 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Грција | 22.090 | 21.949 | 14.943 | 3.560 | 62.542 |
| Албанија | 90 | 145 | 89 | 93 | 417 |
| Србија | 2.353 | 2.106 | 1.661 | 375 | 6.495 |
| Косово | 31 | 63 | 136 | 63 | 293 |
| Бугарија | 985 | 338 | 66 | 38 | 1.427 |
| Вкупно | 25.549 | 24.601 | 16.895 | 4.129 | 71.174 |


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

## 2. Земја на потекло, пол и возраст на спречените мигранти да влезат на територија на државата

Во наведениот период најбројни се мигрантите од Пакистан-20.487лица, Авганистан-18.604 лица, Иран-6.153 лица, Бангладеш-5.848 лица, Сирија-4.091 лице, Индија-3.160 лица и др.

| Топ 10 спречени илегални мигранти според земја на потекло | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Јануари-септември 2020 | 2019 | 2018 | 2017 | Вкупно |
| Авганистан | 8.767 | 6.249 | 2.625 | 963 | 18.604 |
| Пакистан | 6.664 | 7.820 | 4.970 | 1033 | 20.487 |
| Ирак | 285 | 501 | 959 | 250 | 1.995 |
| Иран | 462 | 583 | 4.914 | 194 | 6.153 |
| Сирија | 1.877 | 1.156 | 582 | 476 | 4.091 |
| Алжир | 192 | 1.047 | 296 | 311 | 1.846 |
| Мароко | 551 | 738 | 143 | 59 | 1.491 |
| Либија | 292 | 131 | 714 | 133 | 1.270 |
| Бангладеш | 3.586 | 2.002 | 190 | 70 | 5.848 |
| Индија | 784 | 1.628 | 717 | 31 | 3.160 |

Мигрантите по потекло се од Блискиот и Средниот Исток, како и од африканските земји, кои ја користат т.н.„Западно Балканска рута". Република Северна Македонија, како земја со специфична геополитичка и геостратегиска положба, позиционирана во центарот на Балканскиот полуостров е подложна на илегална миграција и се наоѓа на крстосницата на мигрантските рути кои водат од Азија и Африка кон Централна и Западна Европа. Со оглед на состојбите на политички, безбедносен, економски и социјален план, се очекува оваа рута да биде активна и во иднина, видно од статистичките податоци и откриените случаи во овој период.


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

## 3. Број на мигранти фатени како илегално минуваат низ земјата

Во периодот од 2017 до јануари-септември 2020 година, спречен е обид да бидат прокриумчарени вкупно 7.299 мигранти.

| | Број на лица откриени при криумчарење мигранти |
|---|---|
| 2017 | 218 |
| 2018 | 891 |
| 2019 | 1.529 |
| Јануари-септември 2020 | 2.700 |
| Вкупно | 7.299 |

Според земјата на потекло доминираат мигрантите од Пакистан-2.367 лица и од Авганистан-1.117 лица, а присутни се и мигранти од Бангладеш-967 лица, Сирија-356 лица и др.

| Топ 10 мигранти откриени при криумчарење | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Јануари-септември 2020 | 2019 | 2018 | 2017 | Вкупно |
| Сирија | 240 | 72 | 28 | 16 | 356 |
| Авганистан | 543 | 432 | 118 | 24 | 1.117 |
| Пакистан | 1.022 | 665 | 559 | 121 | 2.367 |
| Ирак | 21 | 29 | 51 | 28 | 129 |
| Бангладеш | 692 | 218 | 49 | 8 | 967 |
| Иран | 35 | 12 | 32 | - | 79 |
| Египет | 25 | 19 | - | 4 | 48 |


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Индија | 40 | 41 | 15 | 8 | 104 |
| Лица без државјанство | - | 0 | 10 | - | 10 |
| Турција | 39 | 0 | 6 | - | 45 |

4. **Места каде се откриени мигрантите**

Главна рута за криумчарење на мигрантите е коридорот 10: Гевгелија-Велес–Скопје. Во текот на 2019 и 2020 година како патни правци за транспорт на мигрантите и логистичка поддршка се почесто се користат Струмичкиот и Штипскиот регион, како и подрачјето на Свети Николе, како дел од трасата за транспорт на мигранти кон Куманово и Скопје.

5. **Број на приведени луѓе за трговија со мигранти**

Мерки на кривичен прогон се преземени против 264 лица за сторени 162 кривични дела „криумчарење на мигранти".

| | Кривични дела по член 418 б | сторители |
|---|---|---|
| 2017 | 13 | 36 |
| 2018 | 44 | 63 |
| 2019 | 49 | 96 |
| Јануари-септември 2020 | 56 | 69 |
| Вкупно | 162 | 264 |

Во истиот период, поднесени се и кривични пријави за сторени вкупно **18 кривични дела** „организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти". За ваквите криминални активности пријавени се 83 сторители.

| | Кривични дела по член 418 в | сторители |
|---|---|---|
| 2017 | 3 | 27 |
| 2018 | 6 | 15 |
| 2019 | 8 | 39 |
| Јануари-септември 2020 | 1 | 2 |
| Вкупно | 18 | 83 |

6. **Пол, возраст и земја на потекло и место на живеење на криумчарите на илегални мигранти**

Во однос на структурата на сторителите, најбројни се државјаните на Северна Македонија, додека 30 од сторителите се странски државјани (четворица во 2017 година, девет во 2018 година, десет во 2019 година, а седум лица во периодот од јануари до септември 2020 година).

Додека во поглед на полот, возраста и земјата на потекло и место на живеење на сторителите на кривичните дела „криумчарење мигранти" во најголем број, се работи за лица од машки пол, но има и случаи, каде како помагачи во извршување на кривичните дела се јавуваат и лица од женски пол. Организираните криминални групи кои дејствуваат на територија на нашата држава, најчесто се дел од поголеми меѓународни криминални мрежи, на кои организаторите се лица од Блискиот или Средниот исток. Откриените криумчари, најчесто се државјани на Република Северна Македонија, но во мал број случаи се работи за странски државјани, државјани на Србија и Косово. Според место на живеење откриените криумчари се од централниот, северниот, источниот и јужниот дел на државата.

7. **Вид на возило или средство за превоз со кои се превезуваат илегалните мигранти**

Видот на возилата кој се користи за превоз на мигрантите, во поголемиот дел од случаите се работи за патнички возила од марката: ауди, опел, форд, бмв, фолксваген,

потоа товарни возила од марката: мерцедес, ивеко, форд, рено итн, со цел што поголем број на мигранти да се пренесеат кон одредената дестинација.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер до Министерство за внатрешни работи.

По добивањето на барањето од страна на Одделот за односи со јавност и стратешки прашања, истото беше доставено до Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа и Оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал при Бирото за јавна безбедност, од каде добивме одговори кои што му го доставуваме на барателот.

**Изработил: Јован Пешевски**
**Контролирал: Сузана Прањиќ Талевска**
**Одобрил: Наталија Спирова**

ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ
Тони Ангеловски